Република Северна Македонија
НАРОДЕН ПРАВОБРАНИТЕЛ
Republika e Maqedonisë së Veriut
AVOKATI I POPULLIT
Republic of North Macedonia
OMBUDSMAN

# Посебен извештај

## за спроведена редовна ненајавена посета на ВПД Тетово и КПУ Затвор Охрид

Националниот превентивен механизам на 15 и 16 јули 2019 година спроведе редовна ненајавена посета на ВПД Тетово и КПУ Затвор Охрид. Посетата беше спроведена во рамкиТЕ на мандатот и надлежностите кои произлегуваат од Факултативниот протокол кон Конвенцијата против тортура и друго свирепо, нечовечко или понижувачко постапување или казнување и Законот за народниот правобранител.

Националниот превентивен механизам посетата на Затворот Охрид и ВПД Тетово ја спроведе во неколку чекори, согласно Правилникот и Методологијата за вршење превенција од тортура и друг вид на сурово, нечовечко или понижувачко постапување или казнување.

Тимот на НПМ наиде на добра соработка и кооперативност од страна на службените лица вработени во *КПУ Затвор Охрид / ВПД Тетово*, кои овозможија непречен пристап до сите простории и инсталации и увид во бараната документација.

Установата има капацитет за 35 деца, а во моментот на посетата во ВПД-Тетово имаше 14 деца, сите од машки пол, од кои на самото место беа 10 деца, 2 деца беа во бегство, а другите 2 беа префрлени во Малолетничкиот затвор поради

сторено кривично дело. Малолетничкиот затвор броеше 10 лица, сите од машки пол.

Тимот на НПМ за време на обиколката која ја спроведе низ Затворот, имаше можност да ги посети и да изврши увид во следните одделенија и дополнителни простории/делови од оваа установа: Просториите во кои се сместени осудените деца на издржување казна затвор за малолетници; Просториите на ВПД во кои се сместени деца на издржување казна воспитна поправна мерка; Просториите за изолација/самици; Притворско одделение; Кујната и трпезаријата; Пералната; Просторијата за преглед; Училница/ТВ Сала; Магацинот; Просторијата за вежбање - теретана; Адвокатската просторија.

КПУ – Затвор Охрид не располага со посебни простории за самици, па како самици се користат просторите за притвор, а исто така не располага и со просторија за спроведување на претрес на осудените /притворени лица при прием во Установата. Претресите на осудените лица се вршат во ходникот помеѓу две врати пред влезот на затворот, а на притворените во просторија за разговор со адвокат.

Во Установата нема вработено медицинско лице, односно здравствен работник/медицинска сестра. Лекарот доаѓа од службата за Итна медицинска помош и постојано ист лекар е задолжен за здравствената заштита на децата од Воспитно-поправниот дом и Малолетничкиот затвор. На овој начин, се избегнува претходната практика лекарскиот тим да биде променлив, во зависност од тоа кој лекар е на смена. Ваквата ситуација трае повеќе од една година и истата се покажала како многу посоодветна за децата, бидејќи секогаш еден ист лекар ја следи нивната здравствена состојба.

При увидот во амбулантата, НПМ тимот констатира дека просторијата е осветлена со вештачка светлина, нема прозорец, ниту дневна светлина, хигиената во амбулантата е на задоволително ниво, но истата е минимално опремена, со неопходна опрема (биро за лекарот, медицински кревет за прегледи и две медицински ормарчиња). Притоа, загрижува и фактот што услови за приватност при медицинскиот преглед на дете во амбулантата, скоро и да нема.

Од извршениот увид во Установата, како и од извршените разговори со одговорните лица, НПМ тимот констатира дека здравствената заштита на децата се обезбедува преку Здравствениот дом Охрид, од каде што еднаш во неделата доаѓа лекар кој врши прегледи на децата, кои имаат потреба од здравствен преглед, а по потреба доаѓа и дополнително или на повик. При разговор со заменик-директорот, НПМ тимот беше информиран дека трошоците за здравствените услуги, односно здравствената заштита на децата се на товар на Установата.

Според разговорите со одговорното медицинско лице, секое новопримено дете се прегледува од страна на лекарот во првите 24 часа по приемот во Установата. Но, имајќи ги предвид разговорите со децата сместени во Установата, како и од увидот во медицинската документација, НПМ тимот забележа дека не секогаш новопримените деца се прегледани од страна на лекар во првите 24 часа од приемот[1] во Установата, со што се постапува спротивно на одредбите уредени со Куќниот ред за штитеници кои издржуваат воспитна мерка – упатување во воспитно-поправен дом, како и спротивно на Куќнот ред за осудени лица кои изджуваат казна затвор во казнено-поправна установа. Имено, имаше случаи на деца кои се во притвор и кои не се прегледани на денот на приемот, туку прегледот им е извршен на денот кога лекарот регуларно доаѓа во Установата.

Од увид во досиејата, НПМ тимот констатираше дека во најголем број од досиејата на децата кои се сместени во Установата е евидентирано дека станува збор за деца со „растројство во однесувањето, антисоцијално однесување, растројство на личноста, со низок праг на толеранција на фрустрации, импулсивност и агресивни постапки, проследени со девијатно однесување, како и низок социјален и едукативен статус.“ Ваквите растројства се честопати резултат на долгогодишното занемарување, физичката и емоционална злоупотреба во нивните примарни семејства, но и во институциите во кои биле претходно сместени.

---

[1] Член 12 став 1 од Куќниот ред за штитеници кои издржуваат воспитна мерка – упатување во воспитно-поправен дом и член 10 став 1 од Куќен ред за осудени лица кои изджуваат казна затвор во казнено-поправна установа

Од извршениот увид во евиденцијата за изречени дисциплински казни, беше констатирано дека во 2019 година изречени се вкупно 8 дисциплински казни, од кои: 5 дисциплински казни – самица во траење од 10 дена, 2 дисциплински казни – самица во траење од 5 дена и едно условно одлагање на дисциплинската казна самица од 5 дена. Од регистарот за изречени дисциплински казни може да се констатира дека децата коишто биле упатени на издржување дисциплинска казна-самица се претходно повеќепати дисциплински казнувани.

Ако се имаат предвид стандардите на Европскиот комитет за превенција од тортура (СРТ) коишто предвидуваат дека *самицата како дисциплинска мерка треба да се изрекува само за кратко времетраење и под никакви околности не повеќе од 3 дена, неспорно произлегува дека изрекувањето и извршувањето на дисциплинските казни самици во времетрење од 5 и 10 дена врз децата коишто се на издржување казна малолетнички затвор е спротивно на предвидените стандарди*.[2]

Тимот на НПМ, исто така, препорачува во иднина при водењето на дисциплинските постапки и изрекувањето на дисциплинските казни, да се води особено сметка и за одредбите од Законот за извршување на санкции коишто предвидуваат дека *„Спрема деца не е дозволена примена на посебна мерка за одржување на ред и дисциплина - самица“.*[3]

Во иста насока е и препораката содржана во Изјавата од Истанбул за употребата и ефектите од упатувањето во самица[4], којашто предвидува дека *упатувањето во самица треба да биде апсолутно забрането во случаите кога се работи за деца под 18 години.*

---

[2] Европски комитет за спречување на тортура и нечовечко или понижувачко постапување или казнување (КСТ), *„ Juveniles deprived of their liberty under criminal legislation“ - (CPT/Inf(2015)1-part rev1)*
[3] Член 305 од Законот за извршување на санкции („Службен весник на Република Северна Македонија“ бр.99/2019)
[4] Усвоена на 9 декември 2007 во Истанбул на Меѓународниот симпозиум за психолошка траума

Од извршените разговори со децата што се на издржување казна малолетнички затвор, тимот на НПМ доби информации дека врз нив често се употребува сила од страна на припадниците на затворската полиција.

Тимот на НПМ изразува сериозна загриженост за моменталната состојба во установите, токму поради фактот што недостасува мултипрофесионален тим (социјален работник, педагог и работен терапевт) кои би придонеле за успешно спроведување на процесот на ресоцијализација на децата.

НПМ тимот во разговор со двете стручни работници- воспитувачки, доби информации дека во казнената установа, има вкупно 10 деца, на возраст од 16 до 23 години. Постои хетерогената структура на деца според: видот на кривични дела, социо-економскиот статус, етничката припадност, географската определеност и временскиот период на издружување на казнената мерка .

НПМ тимот го поздравува фактот дека стручниот работник ги информира децата и нивните семејства за нивните законски права, за помошта и поддршката која им следува во пеналниот и постпеналниот период. Имено, децата и семејствата имаат редовни средби и контакти со стручниот работник-воспитач. Фреквенцијата на остварени средби зависи од нивните тековни и актуелни потреби, проблеми и интереси. Во установата има посебна просторија за средби на децата со членовите на нивните семејства.

Во оваа смисла, тимот на НПМ констатираше и дека децата не се доволно и целосно запознаени со механизмите за заштита на нивните права, ниту пак со можноста каде и како може да ги адресираат поплаките поврзани со нивниот третман и евентуалната повреда на нивните права.

Оттука, тимот на НПМ препорачува затворските власти веднаш да преземат активности со коишто децата ќе ги запознаат и информираат, на начин соодветен на нивната возраст, за можноста како и каде да ги адресираат поплаките и претставките во случаите кога сметаат дека им се повредени нивните права. Во оваа смисла, тимот на НПМ препорачува да се спроведе тематско советување со децата, како и да им се поделат информативни брошури во вид на листа со

информации за системите на поплаки што им стојат на располагање, како интерни- до затворските власти, така и надворешни – претставка до Народниот правобранител и до меѓународните тела. Децата е потребно да бидат запознаени и со начинот, односно процедурите по коишто ќе се постапува по нивните претставки, од страна на надлежните авторитети.

Во однос на хигиената, тимот на НПМ констатира дека децата сами се грижат за хигиената на просториите. За хигиената се грижат самите осудени деца, а за време на посетата просториите беа генерално чисти. Во просториите има кревети, ормарчиња за чување на лични работи, телевизори и големи прозорци од коишто влегува доволно дневна светлина. Креветите се со чиста и уредна постелнина.

Врз основа на утврдената состојба и констатациите од реализираната посета, Националниот превентивен механизам подготви Посебен извештај во кој ги констатираше состојбите и даде соодветни препораки упатени до Управата за извршување на санкциите и до директорот на Затворот Охрид, со цел да се елиминираат недостатоците и ризиците.

**НАРОДЕН ПРАВОБРАНИТЕЛ**

**ИЏЕТ МЕМЕТИ**

__________________